ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2020

ANNUAL REPORT

MACEDONIAN
ECOLOGICAL
SOCIETY

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО
2020

ANNUAL REPORT
MACEDONIAN ECOLOGICAL SOCIETY
2020

МАКЕДОНСКО
ЕКОЛОШКО
ДРУШТВО

MACEDONIAN
ECOLOGICAL
SOCIETY

Содржина

ПОРАКА ОД ДИРЕКТОРКАТА ... 1

МЕД ЗА БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ ... 3
Програма за закрепнување на балканскиот рис - фаза 5 ... 4
Нова надеж за египетскиот мршојадец ... 5
Јадрански прелетни патишта 4 ... 6
„Балкан детокс LIFE": Зајакнување на капацитетите на државните институции за борба против труење на дивите животни и подигнување на јавната свест во балканските држави ... 7
Балкански проект за борба против отрови - програма за мали грантови 2019-2020 ... 8
Заштита на ендемичните растенија во Македонија ... 8
Надополнување на листата на ендемични копнени растенија и животински таксони од југоисточна Европа и подготовка на „Прирачник за стандардизирано собирање податоци за избрани таксономски групи" ... 8

МЕД ЗА ЕКОСИСТЕМИТЕ ... 10
Програма за зачувување на природата во Македонија - фаза 2, поткомпонента: Заштитени подрачја ... 11
Програма за зачувување на природата во Македонија - фаза 2, поткомпонента: Обновување на крајбрежните екосистеми ... 12
Програма за зачувување на природата во Македонија - фаза 2, поткомпонента: Екосистемски услуги ... 13
Идентификување шуми со високи природни вредности и изработка на упатства за нивно управување ... 14
Кампања за Шар Планина ... 15
Зајакнување на локалните акциски групи како чинители за заштита на биодиверзитетот во регионот Шари/Шар Планина/Кораб-Коритник ... 15
Прекугранична заштита на Преспанскиот Регион преку заеднички партнерски акции на „ПреспаНет" ... 16
Потенцијал на минерални ресурси на земјите од источна и од југоисточна Европа ... 17

МЕД ЗА МЛАДИТЕ ... 18
Програма за поддршка на млади еколози „Д-р Љупчо Меловски" ... 19
Локална акција за подобри политики за заштита на животната средина (SHAPE) ... 20

МЕД СЕ НАДГРАДУВА ... 21
Стратегиски развој на организацијата ... 22
Комуникација за промена ... 22

МЕД ВО ЈАВНОСТА ... 24

МЕД ГОДИШЕН АЛМАНАХ ... 28

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ... 32

Table of contents

MESSAGE FROM THE DIRECTOR ... 1

MES FOR BIOLOGICAL DIVERSITY ... 3
Balkan Lynx Recovery Program - Phase 5 ... 4
Egyptian Vulture New Life ... 5
Adriatic Flyways 4 ... 6
Balkan Detox LIFE: Strengthening National Capacities to Fight Wildlife Poisoning and Raise Awareness About the Problem in the Balkan Countries ... 7
Balkan Project for the Fight Against Poisoning - Small Grants Program 2019-2020 ... 8
Protection of Endemic Plants in Macedonia ... 8
Further update of the list of Selected Endemic Terrestrial Plant and Animal Taxa of South-East Europeand the and development of Guidelines for standardized data collection of selected taxonomic groups ... 9

MES FOR ECOSYSTEMS ... 10
Nature Conservation Program in Macedonia - Phase 2, Subcomponent: Protected areas ... 11
Nature Conservation Program in Macedonia - Phase 2, Subcomponent: Revitalization of Riparian Ecosystems ... 12
Nature Conservation Program in Macedonia - Phase 2, sub-component: Ecosystem services ... 13
Identification of High Nature Value Forests (HNVFs) and Development of at Least Two Guidelines for Their Management ... 14
Public Campaign for Shar Mountain ... 15
Strengthening of Local Action Groups as Stakeholders for Biodiversity protection in the Sharr/Šar Planina/Korab-Koritnik region ... 15
Working Towards Transboundary Conservation of the Prespa Region by Common Actions Raised by "PrespaNet" partners ... 16
The Potential of Mineral Resources of Countries in Eastern and Southeastern Europe ... 17

MES YOUTH ... 18
Young Ecologists Support Program „Dr. Ljupčo Melovski" ... 19
Shaping Environmental Policy Through Local Action (SHAPE) ... 20

MES IS GROWING ... 21
Strategic Development of the Organization ... 22
Communicating for change ... 22

MES IN THE PUBLIC EYE ... 24

MES YEARBOOK ... 28

FINANCIAL REPORT ... 32

ПОРАКА ОД ДИРЕКТОРКАТА

Минатата година донесе долги денови на неизвесност, нетрпеливост, загриженост и на исчекување. Светската популација се соочи со втора пандемија, која целосно ги промени животите на многумина, а влијанијата што ги наметна ќе бидат присутни во нашето секојдневие и во иднина.

По примерот на другите вешти живи организми, МЕД брзо и успешно се приспособи на новите наметнати услови за работа и функционирање како организација. Почнавме да работиме од дома, да се слушаме почесто и да си помагаме во новите наметнати услови за работа. Со многу креативни решенија, строги распореди, логистика, волја, малку инает и мали компромиси, планираните активности ги завршивме успешно.

Истражувањето на загрозените и ретки видови, заштитата на ранливите екосистеми, како и воопшто заштитата на животната средина се комплексни и макотрпни процеси што бараат многу терени и комуникација со локално население. Во пандемиски услови нашата работа беше отежната, а директните средби и состаноци со нашите партнери и соработници се проретчија и во голем дел се организираа виртуелно. Сепак, долгогодишната соработка со многу засегнати страни придонесе да реализираме многубројни активности и зацртани цели за 2020 година.

Токму во 2020 година МЕД беше дел од процесите

MESSAGE FROM THE DIRECTOR

This past year has brought long days of uncertainty, impatience, worry and anticipation. The world population faced the second world pandemic which completely changed the lives of many, while the effects that it imposed are present in our day to day lives and will continue to be present in the days to come.

Following the example of living organisms, MES quickly and successfully adapted to the newly imposed conditions for working and managing the organization. We started working from home, communicating more frequently, and helping each other with the challenges of the new working conditions. With a lot of creative solutions, strict schedules, logistics, willpower, a little stubbornness and some small compromises, we completed the planned activities successfully.

The research of endangered and rare species, the protection of vulnerable ecosystems, as well as the protection of the environment in general, are complex and laborious processes that require a lot of fieldwork and communication with the local population. Our work became more difficult under pandemic conditions - direct meetings with our partners and associates decreased and were largely organized virtually. Nevertheless, our long-term cooperation with many stakeholders helped us achive numerous activities and goals set for 2020.

This is the year when MES was part of the processes

за прогласување на Осогово и на Шар Планина за нови заштитени подрачја, за што се спроведоа и јавни кампањи. Осогово се прогласи за заштитен предел и тоа е голема гордост за МЕД и влог за идните генерации. Освен овие убави вести, започнавме повеќе нови проекти и работевме на својот организациски развој преку подготовка на важни стратегиски документи за организацијата.

Во деновите на ограничено движење и изолација, граѓаните сè повеќе почнаа да ги ценат важноста на чистата животна средина и здравите екосистеми, во кои непрекинато се развива биолошката разновидност. Тие ги насочија своето време и внимание на почести прошетки на отворено, престој во природа и проучување на живиот свет. Наставниците ни бараа едукативни материјали за природата приспособени за настава од далечина, а МЕД со задоволство ги поддржуваше.

Се надеваме дека овој бран на промени, предизвикани од ваква непосакувана појава, каскадно ќе се прелие низ сите делови на општеството со што значително ќе ја зголеми желбата за заштита на животната средина и на сите природни вредности во нашата земја.

for the declaration of new protected areas. We conducted public campaigns for both Osogovo and Shar Mountain. Osogovo was declared a protected landscape, and this is a great pride for MES and an investment in future generations. Aside from these good news, we started a number of new projects and we worked on our organizational development through the preparation of important strategic documents for the organization.

In the days of limited movement and isolation, citizens began to increasingly appreciate the importance of a clean environment, as well as healthy ecosystems in which biodiversity ceaselessly evolves. People spent more time walking and staying in nature and dedicated more attention to studying the living world. Teachers turned to us for educational materials on nature adapted for remote teaching and we happily supported them.

We hope that this wave of changes, caused by such an unwanted event, will cascade across all parts of society and significantly increase the desire to protect the environment and all natural treasures of our country.

Робертина Брајановска, извршна директорка на МЕД
Robertina Brajanovska, Executive Director of MES

МЕД ЗА БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ

MES FOR BIOLOGICAL DIVERSITY

Биолошката разновидност е клучна и основна компонента за одржување на животот на природата на Земјата. Сите видови живи организми и сите екосистеми се испреплетени во една мрежа на глобален екосистем и секоја мала промена, како загуба на животински вид или уништување на некој екосистем, може целосно да ја наруши таа природна рамнотежа. МЕД е единствена невладина организација во земјава што професионално се занимава со истражување на состојбата на биолошката разновидност на национално, но и на регионално ниво. Горди сме што нашите податоци и знаења од терен се дел од сите државни стратегии и планови за заштита на животната средина и на биолошката разновидност, а истите се и инспирација за локални организации, наставници и други засегнати страни, како дел од нивните активности и дејности поврзани со природата и одржливиот развој.

Програма за закрепнување на балканскиот рис - фаза 5

Програмата и истражувањата кои ги спроведуваме во неа се една од најпрепознатливите активности на МЕД. Драго ни е што по повеќегодишната истражувачка работа, лобирањето за заштита и едукацијата на локалното население и поширокатa јавност, балканскиот рис станува дел од националната симболика и популарна култура. Оваа година продолживме активностите од Акцискиот план за да придонесеме кон заштитата на популацијата на ова критично загрозено животно. Особено внимание посветивме на главното упориште на рисот, територијата на НП „Маврово“. Интензивната работа и истражување оваа година беа крунисани со обележувањето на три возрасни единки на рис во НП „Маврово“: женките Нарциса, Лиса и Атице.

Biodiversity is a fundamental component of sustaining natural life on Earth. All species of living organisms and all ecosystems are intertwined in a network of global ecosystems, and any small change, such as the loss of an animal species or the destruction of an ecosystem, can completely disrupt this natural balance. We are the only non-governmental organization in the country that professionally researches the state of biodiversity at both a national and a regional level. We are proud that our data, as well as our field knowledge, are part of all state strategies and plans for protection of the environment and biodiversity, and that they are also an inspiration for networks of local organizations, teachers, and other stakeholders in their activities regarding nature and sustainable development.

Balkan Lynx Recovery Programme - Phase 5

This Programme and the research on the Balkan Lynx has become the most recognizable activity for our organization. We are glad that after many years of research, lobbying for protection, education of the local population and the general public, the Balkan lynx is becoming a true national symbol and part of popular culture. This year, the Balkan Lynx Recovery Programme continued the activities of the Action Plan in order to make a significant contribution to the protection of the population of this critically endangered animal. Particular attention was paid to the stronghold of the Balkan Lynx, the territory of the Mavrovo National Park. The highlight of the intensive work and research this year were the three adult lynx we marked in Mavrovo: the females Narcisa, Lisa and Atidzhe / Atidje.

Нова надеж за египетскиот мршојадец

Веќе две децении ја следиме популацијата и работиме на заштитата на египетскиот мршојадец. Оваа маркантна птица преселница во 21. век се соочува со многу опасности кои се закана за нејзиниот опстанок, долж миграторните маршрути, како и на подрачјата за гнездење. Птиците, а особено преселниците, не познаваат и не признаваат политички и културни граници. Дејствувањето мора да биде заедничко, па затоа во оваа програма сме вклучени заедно со 13 држави од Балканот, Блискиот Исток и од Африка. Во 2020 година спроведовме детално истражување на бројноста и гнездовиот успех на популацијата на египетските мршојадци во Македонија. Годинава финансиски го поддржавме и работењето на хранилиштето за мршојадци на Витачево за време на гнездечката сезона. Важна активност за подобрување на соработката со локалното население како и подобар проток на информации за состојбата на терен е креирањето на мрежата на локални соработници во близина на активните територии на египетски мршојадци под име „чувари на гнездата“. Засега мрежата брои осум члена, кои покажаа ентузијазам и желба да ги следат овие птици, а целта е до крајот на 2022 година мрежата да брои 15 члена.

Egyptian Vulture New Life

Population monitoring and protection of the Egyptian Vulture have now been part of our activities for two decades. In the 21st century, this striking migratory bird faces many dangers that threaten its survival, along migratory routes, as well as in nesting areas. Birds, especially migratory ones, neither perceive nor recognize political and cultural boundaries and international action is crucial. That is why we joined 14 countries from the Balkans, the Middle East, and Africa in this programme. In 2020, we conducted a detailed survey on the number and nesting success of the Egyptian Vulture population in Macedonia. This year we also started financially supporting the vulture feeding station in Vitachevo during the nesting season. The creation of the network of local supporters in the areas near to the active territories of the Egyptian Vulture significantly improved the cooperation and communication with the local population. This way the “nest guardians” provided us regular information regarding the situation in the field. The network currently has eight enthusiastic members who want to contribute with their time and actively monitor these birds. Our goal is to have 15 nest guardians by 2022.



Осум чувари на гнезда
Eight guardians of the nests

Јадрански прелетни патишта 4

Ограничувањата на движењето оваа година беа предизвик за спроведување организирани настани или групни теренски истражувања. Сепак заедно со локалните соработници, иако со задоцнет почеток, успешно ги спроведовме теренските истражување за поврзаноста на енергетската инфраструктура и смртноста на птиците. Покрај тоа, успеавме да ги пребројиме и активните територии и гнезда на царскиот орел, чиешто национално распространување е концентрирано во регионот на Овче Поле. Целта на овој регионален проект е да се истражат и да се намалат разните закани за птиците како труење, усмртување од струен удар и судир со енергетска инфраструктура, како и нелегален лов. Покрај тоа, ги следиме и промените во бројноста на неколку клучни карактеристични видови кои претежно се среќаваат само во истражуваните подрачја - а тоа се белиот штрк, царскиот орел и степската ветрушка. Годинешното пребројување на царските орли во целиот ареал на нивно распространување во Македонија ја даде конечната бројка од 21 активно гнездо, што претставува две третини од бројот на утврдени гнезда при пребројувањето во 2010/2011 година.

Adriatic Flyways 4

Movement restrictions were a challenge this year, especially for conducting organized events or group field research. Nonetheless, with the help of our supporters we managed to effectively, albeit with a belated start, conduct the field research on the connection between energy infrastructure and bird mortality. In addition, the researchers were able to count the active territories and nests of imperial eagles, a species whose national distribution is concentrated in the region of Ovche Pole. The aim of this regional project is to investigate and reduce various threats to birds, such as poisoning, electrocution and collisions with energy infrastructure, as well as illegal hunting. In addition, the project tracks changes in the numbers of several key species that are characteristic of or only found in the surveyed areas - namely, the white stork, the imperial eagle, and the lesser kestrel. This year’s imperial eagle census revealed that there are 21 active nests in the whole area of their distribution in Macedonia. That is two thirds of the nests confirmed in the previous count conducted in 2010/2011.

21 активно гнездо на царски орел
21 active nests of the imperial eagle

„Балкан детокс LIFE“:
Зајакнување на капацитетите на државните институции за борба против труење на дивите животни и подигнување на јавната свест во балканските држави

Труењата на дивите животни со отрови се остатоци од неодржливите, неетички и неразумни практики што дел од сточарите и земјоделците за жал сè уште ги применуваат. Ова однесување е катастрофално за голем број животински видови. Најдобар начин да се справиме со нив е преку разговор и едукација на оваа група граѓани за опасноста од оваа практика, како и можните алтернативи. Проектот „Балкан детокс LIFE“ официјално започна во октомври 2020 година и ќе се спроведува 5 години. Целта на овој проект е да ја подигнеме свесноста и да ги зајакнеме националните капацитети за борбата против труење на дивите животни на Балканот. Ние работиме заедно со повеќе чинители, почнувајќи од владини органи до ловци и сточари, за да се минимизира заканата и да се постигнат резултати. Во тек е изработка на нацрт-документот „Национален акциски план за борба против отрови во Република Северна Македонија“, којшто ќе служи како патоказ за решавање на проблемот со труењето.

Balkan Detox LIFE:
Strengthening National Capacities to Fight Wildlife Poisoning and Raise Awareness about the Problem in the Balkan Countries

The poisoning of wild animals is an unfortunate remnant of the unsustainable, unethical, and irrational practices that some farmers still use. The use of poison baits has a devastating effect on a number of animal species. We are dealing with this issue through conversation and education of the key stakeholders about the dangers of this practice, as well as possible alternatives. The project “Balkan Detox LIFE” officially started in October 2020 and will run for 5 years. The aim of this project is to raise awareness and to strengthen the national capacities of combatting wildlife poisoning in the Balkans. We are working with many stakeholders, from governmental bodies, to hunters and farmers, in order to minimize the threat and to achieve results. The draft National Action Plan for the Fight against Poisoning in the Republic of North Macedonia is currently being prepared and it will serve as a roadmap for solving the problem with poisoning.



Теренска работа заедно со Одделот за криминалистичка техника од МВР
Field work with MOI Forensic Science Department

Балкански проект за борба против отрови - програма за мали грантови 2019-2020

Целта на овој проект е изработка на национална стратегија за справување со инциденти поврзани со труење диви животни со вклучување на надлежните институции, проширување на капацитетите на институциите, како и подигнување на јавната свест, особено кај локалните земјоделски заедници и земјоделските аптеки, за опасноста од користењето отровни мамки во природата, како и за предвидените законски казни. Заедно со повеќе чинители во изминатата година работевме на минимизирање на заканата и подобрување на состојбата и комуникацијата околу решавање на овој проблем. Работевме и на подигнување на свеста за сериозноста на труењето на дивите животни, а предлагавме и безбедни алтернативни решенија за конфликтите помеѓу човекот и дивиот свет.

Заштита на ендемските растенија во Македонија

Големата видова разновидност со растенија и богата флора се главната природна одлика на нашата земја. За ова сведочат големиот број значајни подрачја за растенија (ЗПР) низ територијата на Македонија. Целта на овој проект е обновување на податоците за популациите на пет ендемски растенија преку надзор, броење единки, детектирање постојни или нови потенцијални закани. Дел од нашите активности се и мали директни и индиректни конзервациски акции, како складирање семенски материјал во соодветни семенски банки. Освен ова, тежнееме и да поттикнеме млади истражувачи (биолози, еколози, шумари) да запливаат во водите на ботаниката и таксономијата.

Balkan Project for the Fight Against Poisoning - Small Grants Programme 2019-2020

The aim of this project is to develop a national strategy for dealing with incidents related to wildlife poisoning by involving institutions, expanding the capacities of institutions, as well as raising public awareness, particularly in local farming communities, as well as farming pharmacies, of the danger of using poison baits in nature, as well as of the expected legal repercussions. In the past year, together with a number of collaborators, we worked to minimize the threat and to improve the situation and the communication regarding the solving of this problem. Within the framework of the project, work was also been done on the raising of awareness regarding the seriousness of the poisoning of wild animals, and safe alternative solutions for the conflict between humans and wildlife were also suggested.

Protection of Endemic Plants in Macedonia

The large diversity of species of plants and the rich flora are the main natural feature of our country. This is attested by the large number of Important Plant Areas (IPAs) throughout the territory of Macedonia. The aim of this project is to update the data on the populations of five endemic plants through monitoring, censuses, and detecting existing or new potential threats. Part of the activities included some small direct and indirect conservation actions, like the storage of seed material in appropriate seed banks. In addition, this project seeks to encourage young researchers (biologists, environmentalists, foresters) to wade the waters of botany and taxonomy.



Одржани предавања за студенти и за средношколци

Lectures held for high school and college students

Надополнување на листата на ендемски копнени растенија и животински таксони од југоисточна Европа и подготовка на „Прирачник за стандардизирано собирање податоци за избрани таксономски групи“

Во време кога биолошката разновидност се соочува со големи опасности и драстично се намалува, важно е да се следи и евидентира состојбата и на растителните и на животинските видови. Нашата цел беше да утврдиме листа на ендемични таксони од таксономските групи растенија, водни безрбетници, пајаци, скакулци, слатководни полжави и риби кои се опишани од регионот на југоисточна Европа. Регионалниот експертски тим со кој соработувавме изготви брошура со главните резултати од опфатените таксономски групи. Брошурата ги опфаќа листите на ендемски видови на земјите од југоисточна Европа, а во неа има повеќе од 4.000 записи на ендемити.

Further update of thel ist of Selected Endemic Terrestrial Plant and Animal Taxa of South-East Europe and development of Guidelines for standardized data collection of selected taxonomic groups

At a time when biodiversity is facing many threats and is drastically declining, it is important to monitor and record the state of both plant and animal species. Our goal in this regard was to establish a list of endemic taxa from the taxonomic groups of plants, aquatic invertebrates, spiders, locusts, freshwater snails and fish that are described from the region of Southeast Europe. The regional expert team in cooperation with MES prepared a brochure with the main results of the taxonomic groups that were covered. The brochure covers lists of endemic species in Southeast European countries and contains more than 4,000 records of endemic species.

МЕД ЗА ЕКОСИСТЕМИТЕ

MES FOR ECOSYSTEMS

Во 21. век е евидентно дека човекот природните материјали и ресурси ги искористува неодржливо и така повеќе од кога било придонесува за уништување на многу екосистеми, видови и живеалишта. Првиот чекор кон заштита на животната средина е заштита на сите видови екосистеми, а особено на ретките, чувствителните и на тие пред прагот на исчезнување. Една од нашите главни задачи е истражувањето и следењето на состојбата на екосистемите, како и лобирање за нивна формална заштита. Ние ги вмрежуваме сите чинители и актери важни за заштита на екосистемите под една цел, а тоа е здрава животна средина во годините што доаѓаат.

Програма за зачувување на природата во Македонија - фаза 2, поткомпонента: Заштитени подрачја

По спроведените детални истражување и анализи, состаноци со сите страни и чинители, како и презентирање на идејата за заштита на Осогово пред Министерството за животна средина и просторно планирање, крајот на 2020 година беше крунисан со официјално прогласување на Осоговските Планини за заштитено подрачје од V категорија: Заштитен предел. Ова е прво подрачје во земјава кое доби заштита во таа категорија. Најдобриот пристап за да се заштитат значајните природни подрачја и важни екосистеми е преку нивна формална државна заштита. Само преку зголемување на мрежата на заштитени подрачја обезбедуваме посигурна иднина и управување на важните природни вредности.

This is the century in which we are fully aware that humanity is using natural resources unsustainably and thus, now more than ever, we contribute to the destruction of many ecosystems, species and habitats. The first step to protecting the environment is the protection of all ecosystems, but especially the rare, sensitive and endangered ones. One of our core activities as an organization is the research and monitoring of ecosystems. However, we are also devoted to initiating legal protection. We create networks with key stakeholders for ecosystem protection with one goal - to ensure a healthy environment for the years to come.

Nature Conservation Programme in Macedonia - Phase 2, Subcomponent: Protected Areas

After conducting detailed research and analysis, meetings with all parties and stakeholders, as well as presenting the idea of the protection of Osogovo to the state and the Ministry of Environment and Physical Planning, the end of 2020 was crowned with the official declaration of the protection of the Osogovo Mountains under category V: Protected Landscape. This is the first time that a region in Macedonia is protected under this category. The best approach to protecting important natural areas and important ecosystems is through legal protection. It is only through the increase of the network of protected areas that a more secure future and management of important natural treasures can be ensured.

ЗАШТИТЕН ПРЕДЕЛ

ОСОГОВСКИ ПЛАНИНИ

Програма за зачувување на природата во Македонија - фаза 2, поткомпонента: Обновување на крајбрежните екосистеми

Крајбрежен екосистем е просторот со вегетација што го следи брегот по потоците, реките и влажните живеалишта. Тој е исклучително важен за биолошката разновидност, зачувувањето на малите околни живеалишта, како и за одржување на речното корито. Во 2020 година сите активности од овој проект продолжија во насока на подобрување на статусот на крајбрежниот појас. Засадивме околу 1.500 садници директно на терен, обезбедивме нега на претходно засадените дрвца и ги продлабочивме знаењата за производство на садници од крајбрежни видови. Садниците ги садиме на деградирани и оголени површини по долниот тек на Брегалница со цел обнова на крајбрежната вегетација. Продолживме со истражувања за постојниот биодиверзитет, како и подигнување на јавната свест преку едукација на локалното население. Теренските истражувања докажаа дека регионот на Долна Брегалница е исклучително богат со видова разновидност, а пример за тоа е и новоопишаниот вид полжав - *Vitrea melovskii*.

Nature Conservation Programme in Macedonia - Phase 2, Subcomponent: Revitalization of Riparian Ecosystems

Riparian ecosystems are those areas with vegetation that follow the shore along streams, rivers, and wetlands and are extremely important for biodiversity, preservation of small surrounding habitats and maintenance of the riverbed. In 2020 we continued to improve the state of riparian belts by increasing the knowledge on riparian species seedlings production. We also planted directly in the field and took care of previously planted trees. During the year we planted around 1500 seedlings on degraded and bare areas along the lower course of Bregalnica. We continued with research on the existing biodiversity, but also raised public awareness through education of the local population. Field research has proven that the region of Lower Bregalnica is extremely rich in species diversity, and an example of this is the newly described species of snail - *Vitrea melovskii*.

Програма за зачувување на природата во Македонија - фаза 2, поткомпонента: Екосистемски услуги

Услугите од природата, т.е. екосистемските услуги се дефинираат како придобивки што луѓето ги добиваат од екосистемите. Тие директно или индиректно влијаат врз опстанокот на луѓето и на нашиот квалитет на живот. Преку оваа програма Македонија првпат доби детална карта на типови екосистеми. Идентификуваме и картиравме осум главни типа и 22 поттипа екосистеми. Група домашни експерти во соработка со неколку надворешни консултанти работеа на процена на состојбата или статусот на природните и полуприродните екосистеми во Македонија. Со тоа Македонија, како и сите други земји во Европската Унија, го зголеми капацитетот на информации околу вредноста на своите екосистеми.

Nature Conservation Programme in Macedonia - Phase 2, subcomponent: Ecosystem services

Ecosystem services are defined as benefits that humans get from ecosystems. They directly or indirectly affect human survival and the quality of life. For the first time, Macedonia has a detailed map of ecosystem types. Within this project we identified and mapped 8 main types and 22 subtypes of ecosystems. A group of national experts in collaboration with several international consultants worked on assessing the condition and status of natural and semi-natural ecosystems in Macedonia. With this, Macedonia, like all other countries in the European Union, has increased its capacity of information about the value of its ecosystems.

Идентификување шуми со високи природни вредности и изработка на упатства за нивно управување

Шумите со природни вредности се стари, сочувани шумски екосистеми кои поседуваат богата биолошка разновидност. Тие се особено важни во заштитата на биолошката разновидност, во борбата со климатските промени и во другите значајни улоги што ги имаат, како заштита од ерозија, обезбедување питка вода и други екосистемски услови. Минатата година работевме на теренски истражувања на планината Беласица и на планината Буковиќ, каде што идентификувавме шуми со високи природни вредности и подготвуваме упатства за управување со овие шуми. Добиените информации треба да посочат начини за зачувување на нивните природни вредности, надвор од системот на заштитените подрачја.

Identification of High Nature Value Forests (HNVFs) and Development of at Least Two Guidelines for Their Management

High nature value forests are old, preserved forest ecosystems that harbor rich biodiversity. They are especially important in protecting biodiversity, in the fight against climate change and in other significant roles that they have, such as protection against erosion, providing drinking water, and other ecosystem services. During the past year we conducted fieldwork research on Mount Belasica and Mount Bukovikj, and identified high nature value forests. Additionally, we are preparing two guidelines for management of these forests. The obtained information should indicate how to preserve their natural values outside the system of protected areas.

Кампања за Шар Планина

По повеќедецениска, долготрајна и истрајна работа, конечната официјална заштита на Шар Планина е на самиот праг. Горди сме што, заедно со своите партнерски организации, движења, иницијативи, граѓани и поддржувачи, веќе ја гледаме на хоризонтот новата страна и подобрата иднина на, можеби, највредниот планински масив во Македонија. Заедно со Центарот за едукација и развој - Теарце и Планинарскиот клуб „Љуботен“, Иницијативата за граѓански интеграции - Гостивар и, во рамки на платформата „Пријатели на Шара“ спроведовме кампања за процесот на прогласување на Шар Планина за национален парк. Дел од активностите ставија акцент на природните вредности на подрачјето а ги презентиравме и предлог-границите на идниот парк во Студијата за валоризација на Шар Планина. Се надеваме дека веќе во следниот годишен извештај ќе можеме да прогласиме уште една победа во борбата за заштита на животната средина, со Шара како нов национален парк, кој би бил четврти.

Зајакнување на локалните акциски групи како чинители за заштита на биодиверзитетот во регионот Шари/Шар Планина/Кораб-Коритник

Природата и живиот свет не познаваат граници, а заштитата на природата без луѓето е само желба без резултат. Тоа го потврдува успехот на платформата „Пријатели на Шара“ во поглед на промоција и лобирање Шар Планина да се прогласи за национален парк. Нашето искуство

Public Campaign for Shar Mountain

After many decades of long and dedicated work, Shar Mountain is on the verge of officially achieving protection. We are proud that, together with our partner organizations, movements, initiatives, citizens and supporters, we already see a brighter and more hopeful future awaiting the, perhaps, most valuable mountain massif in Macedonia. Together with the Center for Education and Development (CED) - Tearce and the mountaineering club “Ljuboten”, the Initiative for Civic Integration - Gostivar, within the platform of “Friends of Shara” we led a campaign that promoted the process of declaring Shar Mountain a national park. The campaign emphasized the natural values of the region and presented the proposed borders of the future park in the Valorization Study for Shar Mountain. We hope that in the next annual report we can announce yet another victory in the fight for environmental protection, with Shar Mountain as the new, and fourth, national park.

Strengthening of Local Action Groups as Stakeholders for Biodiversity protection in the Sharr/Šar Planina/Korab-Koritnik region

Nature and the living world know no boundaries, and protection of nature without the people cannot achieve results. The success of the platform “Friends of Shara” confirms by successfully promoting and lobbying for Shar Mountain to be declared a national park. Our experience within a cross-border project in

во рамки на прекуграничен проект за регионот Шара/Кораб-Коритник се пренесуваше и во текот на 2020 година на слични платформи во Косово и во Албанија. Со овој проект ги зајакнавме капацитетите во трите земји за лобирање и одржливо користење на природните ресурси во регионот а воспоставивме и уште поуспешна прекугранична соработка за заштита на природата и локалниот одржлив развој.

Прекугранична заштита на Преспанскиот Регион преку заеднички партнерски акции на „ПреспаНет“

Преспа и преспански регион се типичен пример за значајни природни вредности кои ги делат и во кои може да уживаат повеќе земји. Токму затоа и Преспа заедно со Охрид го ужива статусот на меѓугранично биосферен резерват. Преку овој проект ги зајакнуавме прекуграничната соработка и заштитата на преспанскиот регион со активности што се спроведуваат во трите земји околу Преспанско Езеро. Дополнителни активности се картирањето и обновувањето на влажните живеалишта кои се симбол на Преспа, како и истражување и надзор на крупни цицачи. Токму овие истражувања го потврдија присуството на балканскиот рис на преспанската страна на НП „Галичица“. Спроведуваме и еколошка едукација, а во 2020 година се одржа и првата виртуелна летна школа, на која студенти од прекуграничниот преспански регион учеа за управување и мониторинг на влажни живеалишта.

the Shar/Korab-Koritnik region was passed on during 2020 to similar platforms in Kosovo and Albania. The ultimate goal of this project was to strengthen the capacities in the three countries for lobbying and sustainable use of natural resources in the region. Additionally, our goal was to also establish even more successful cross-border cooperation for nature protection and local sustainable development.

Working Towards Transboundary Conservation of the Prespa Region by Common Actions Raised by “PrespaNet” partners

Prespa and the Prespa region are typical examples of important natural values that are shared and enjoyed by more countries. That is why Prespa, together with Ohrid, enjoys the status of a cross-border biosphere reserve. The main goal of this project is to strengthen the cross-border cooperation and protection of the Prespa region through implementation of activities by the three countries around Lake Prespa. The project goals were achieved through activities for mapping and restoring the wet habitats that are symbolic of Prespa. We also researched and observed large mammals and thus confirmed the presence of the Balkan lynx in the Prespa side of National Park “Galicica”. We also worked on ecological education and this year we held the first virtual summer school. This school was focused to teaching students from the cross-border Prespa region about wet habitats management and monitoring.

Потенцијал на минерални ресурси на земјите од Источна и Југоисточна Европа

Утврдувањето на состојбата на примарни и секундарни минерални ресурси е клучен фактор во развојот на државните и регионалните економии и директно влијае врз плановите и стратегиите за одржлив развој и одржлива иднина. Преку овој регионален проект креираме регистар на примарни и секундарни минерални ресурси во земјите од Западен Балкан (Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Северна Македонија и Албанија). Овој регистар ќе придонесе кон зголемување на капацитетите на земјите од Западен Балкан за управување со минерални суровини на национално ниво. Првенствено е значајна можноста за користење на јаловиштата како секундарен извор на суровини, а со тоа и нивно отстранување од животната средина и намалување на ризиците за животната средина. Оваа година ја завршуваме успешно со креирани бази со податоци за примарни и секундарни рудни резерви во Македонија.

The Potential of Mineral Resources of Countries in Eastern and Southeastern Europe

Determining the state of primary and secondary mineral resources is a key factor in the development of state and regional economies and directly affects the plans and strategies for sustainable development and a sustainable future. The aim of this regional project is to create a registry of primary and secondary mineral resources in the Western Balkan countries (Croatia, Bosnia and Herzegovina, Serbia, Montenegro, North Macedonia, and Albania). This would increase the capacity of the Western Balkan countries to manage mineral resources at the national level, primarily for the possibility of using tailings as a secondary source of raw materials, and thus removing them from the environment and reducing environmental risks. We are successfully ending this year with the creation of databases for primary and secondary ore reserves in Macedonia.

МЕД ЗА МЛАДИТЕ

MES YOUTH

Образованието и вложувањето во младите е единствениот начин со кој може да се гарантира одржлив развој и подобра животна средина во иднина. Затоа го поддржуваме и промовираме младиот истражувачки дух, полн со желба за нови сознанија и откритија. Истражувачката жед на младите ја пречекуваме со отворени раце, можности за соработка и надградување. Оваа година ја внесовме едукацијата на младите во речиси секој проект или програма. Доколку оваа година сме успеале да помогнеме и да поддржиме барем еден иден научник, природник или истражувач, нашата мисија била потполно успешна.

Програма за поддршка на млади еколози „Д-р Љупчо Меловски“

Дел од традицијата на нашата организација е да вклучуваме млади истражувачи во нашите истражувачки програми. Затоа со радост и по една деценија пауза повторно ја активиравме програмата за поддршка на млади еколози. Програмата ја именуваме „Д-р Љупчо Меловски“ по нејзиниот иницијатор, долгогодишен претседател на МЕД, еден од најактивните еколози во земјава и остар поборник за развој на еколошката мисла преку континуирана потрага и развој на нови капацитети. Иако професорот Меловски повеќе не е меѓу нас, неговиот ентузијазам и еколошки дух живеат преку оваа програма, а еколозите што ќе ги наостат своите истражувачки вештини и љубопитност ќе придонесат кон пополнување на потребните истражувачки нишки во земјава. На повикот во 2020 година се пријавија 19 надежни еколози, а поддржавме 11 проекти. Проектите ги однесоа младите истражувачи од

Education and investment in youth are the only ways to guarantee sustainable development and a better environment in the future. We support and promote the curious youthful spirit that is filled with the desire to explore the unknown. This thirst for exploring is met with open arms, opportunities for collaboration and the chance to grow. This year, we included the education of youth in almost every project and program. We hope that this year we achieved our mission to assist and support future scientists, naturalists and researchers.

Young Ecologists Support Program „Dr. Ljupčo Melovski”

It is part of the tradition of our organization to always include young people in our research and it is a tradition we hope to maintain. After a decade long break, the program for young ecologists has once again been reactivated this year. It now carries the name of Dr. Ljupčo Melovski, its initiator, longtime president of MES and one of the most active ecologists in the country. He was also a strong supporter of the development of ecology as a science through the continuous research and the development of new capacities. Although, Professor Melovski is no longer with us, his enthusiasm and ecological spirit lives on through this program. We hope that the ecologists who will sharpen their research skills and curiosity will contribute to the necessary research in the country. In 2020, a total of 19 ecologists applied and we were able to support 11 projects. These projects took the young explorers from the high mountain fens

високопланинските тресетишта и пасишта на Шар Планина и Кожуф, коритата на Црн Дрим и на Радика, па сè до загадените улици на Скопје.

Локална акција за подобри политики за заштита на животната средина

Мисијата на МЕД е да ги заштитува природата и животната средина преку проширени знаења и граѓанска вклученост а вклучувањето на едукацијата на младите е приоритет. Затоа оваа година, во соработка со Институтот за комуникациски студии, започнавме со активности преку кои се зајакнува граѓанското општество, граѓанските организации и младите луѓе. Работевме со млади луѓе кои имаат вештини и знаења потребни за успешно покренување локална акција за заштита на животната средина. Преку доделување грантови, одржување обука и натамошно менторство на граѓански организации во партнерство со средни училишта ќе го зголемиме капацитетот за покренување локална акција за животната средина.

and pastures of Shar Mountain and Kozuf, to the Crn Drim and Radika riverbeds, as well as to the polluted streets of Skopje.

Shaping Environmental Policy through Local Action (SHAPE)

It is our mission to protect nature and the environment through improved knowledge and public involvement and that is especially important to do among the youth. That is why this year, in collaboration with the Institute of Communication Studies, we organized activities that aim to strengthen civil society, specifically civil society organizations and young people, with skills and knowledge important to successfully activate local action for nature protection. By awarding grants, organizing workshops and mentoring civil society organizations in partnership with high schools, we believe that the capacity for local action for the protection of the environment will also increase.

МЕД СЕ НАДГРАДУВА

MES IS GROWING

МЕД постојано расте и се зајакнува како организација. Тоа не се бележи само преку значителното проширување на тимот и на канцеларијата, туку и преку развојот на мрежата на соработници во регионот и пошироко, постојаната поддршка од локалните самоуправи и заедници, како и силна база на волонтери и поддржувачи. Сето тоа води до потребата за изработка на значајни документи и донесување одлуки што ќе ги подобрат организацијата, внатрешната структура и комуникација меѓу тимот и членството, како и комуникацијата со јавноста.

Стратегиски развој на организацијата

Во текот на 2020 година го финализиравме Стратегискиот план 2020-2024 и Прирачникот за финансиско-административно работење. Со својот раст (по број на проекти, иницијативи и вработени), имаме планови за организациски раст за наредните пет години - што е одразено во новиот стратегиски план. Прирачникот во детали ги објаснува процедурите и чекорите што треба да се преземаат на сите нивоа на раководство во МЕД - од асистенти на проекти до финансиски раководител и директор - за успешно финансиско-административно спроведување на проектите. Кон зајакнувањето придонесува и надградбата на базата за финансиско работење на МЕД и базата на податоци за управување со човечки ресурси.

MES has not stopped growing and developing as an organization. This is not only noticeable through the significant expansion of the team and the office, but also through the development of the network of collaborators in the region and beyond, ongoing support from local governments and communities, as well as a strong base of volunteers and supporters. All of this leads to the need to prepare important documents and make decisions that will improve the organization, the internal structure and communication within the team, as well as with external audiences.

Strategic Development of the Organization

During 2020, we finalized the Strategic Plan 2020-2024 and the Manual for Financial-Administrative Work. Due to its growth (in number of projects, initiatives and employees) MES has to plan for organizational development in the next five years. That is reflected in the new strategic plan. The manual details the procedures and steps which need to take place in all aspects and levels within the management of MES (from project assistants, to financial managers and the director) for a successful financial-administrative supervision of projects. We also upgraded the financial operations database and the human resources management database in order to ensure the strengthening of our organizational management.

Комуникација за промена

Користењето на правите комуникациски алатки и методи е од клучно значење во заштитата на животната средина. Споделувањето информации, ставови и намери на правилен начин значително може да помогне во борбата за зачувување на природните вредности. Во соработка со Институтот за комуникациски студии, МЕД работеше на создавање два стратегиски документа за чиишто потреби се спроведоа истражувања на мислењето на сите внатрешни публики на организацијата, на дел од надворешните публики, како и анализа на надворешната комуникација на МЕД по сите канали што ги користи. Дополнително, тимот на МЕД имаше неколку состаноци и работилници со поддршка на експерти на кои се дефинираа или елаборираа чекорите кон создавање и натамошна употреба на документите. По завршувањето на истражувањата беа изготвени Стратегија за внатрешна комуникација, Стратегија за надворешна комуникација и План за кризна комуникација.

Communicating for change

Using the right strategy, communication tools and choosing the right audience is crucial in nature conservation. Sharing information, viewpoints and intentions in the right way can significantly help in the fight to preserve natural values. In collaboration with the Institute of Communication Studies, MES worked on creating two strategic communication documents. The Internal and External Communication Strategies were developed by researching the opinions of all internal audiences of the organization, the most relevant external audiences, as well as several workshops with the staff and through analyzing external and internal communication. We then had several meetings with the team of communication experts in order to finalize and plan the use of the strategies. After the completion of the research, we prepared the Internal Communication Strategy, External Communication Strategy and Crisis Communication Plan.

МЕД ВО ЈАВНОСТА

MES IN THE PUBLIC EYE

Made for minds.

TOP STORIES MEDIA CENTER TV RADIO LEARN GERMAN

SCHEDULE AND RECEPTION TV PROGRAMS

TV / GLOBAL 3000

GLOBAL 3000

North Macedonia: Protecting the Sharr mountains

An area which ran along the Iron Curtain during the Cold War has become rich in flora and fauna. Efforts are now underway to protect the "Green Belt" by creating a national park.

republika online ВЕСТИ ИНТЕРВЈУА КОЛУМНИ СПОРТ СЦЕНА ЖИВОТ ДВОГЛЕД ТВИТОВИ

Уништена опремата за проучување на балканскиот рис во Кичевско

МАКЕДОНИЈА 25.11.2020 / 14:07

РАДИО МОФ RADIOMOF.MK

ПРОГРАМА ВИДЕО ЕМИСИИ ПОДКАСТИ #ИНФОДЕМИЈА КРИТИК

СЕ НАОЃАТЕ НА: Дома » Вести » [Видео] МЕД пребројува пеликани на Преспанското езеро и го одбележува Светс

[Видео] МЕД пребројува пеликани на Преспанското езеро и го одбележува Светскиот ден на биолошката разновидност

МАКЕДОНИЈА

Македонско еколошко друштво: Осоговските Планини конечно препознаени како национално богатство

Македонско еколошко друштво ги поздрави напорите на сите засегнати страни во процесот за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје.

МКД

МАКЕДОНИЈА СПОРТ СВЕТ ЗАБАВА КУЛТУРА КУ

Црна хроника Колумни Автомобилизам Видео

ЕКОЛОЗИТЕ ПРЕДУПРЕДУВААТ

Драматичен пад на нивото на водата на Преспанското Езеро

Нивото на Преспанското Езеро е во постојан пад во последните педесетина години, освен во изразена влажна сезона, покажуваат мерењата на УХМР. Но, овој јануари овој пад е најдраматичен.

BALKAN GREEN ENERGY NEWS

RENEWABLES ENERGY EFFICIENCY ELECTRICITY ENVIRONMENT CLIMATE CHANGE MOBILITY FEATURES

BIODIVERSITY

Shar Planina conservation values



Author: Frosina Pandurska-Dramikjanin, Macedonian Ecological Society

Instagram Search Log In Sign Up

generacija.z • Follow
Ratevo, Berovo, Macedonia

generacija.z Ширењето на популацијата на штрковите ги мотивираше локалците во беровското село Ратево да им направаат гнездо. Во нивната заедница дојде и втор штрк, па иницираа да се постави гнездо за овој пар. Една од најактивните волонтерки во ова место, Драгана Чучурска ги известила Македонското еколошко друштво, дека гнездото е поставено во соработка со градоначалникот на Берово, како и со локална екипа на ЕВН. Поставувањето на гнездото се случи на 23 мај. Според информациите на Македонското еколошко друштво, ова е прв и единствен пар штркови во село Ратево.

1,596 views

JUNE 16, 2020

Кај Стража заловена втора женка рис, се вика Нарциса

Објавено пред 2 година 19/02/2020
Од: Gostivarpress.mk







Даниела Заец, Македонско еколошко друштво: Сите сносиме одговорност за Преспанското Езеро



ГОДИШЕН АЛМАНАХ НА МЕД

MES ANUAL YEARBOOK

Драган Арсовски,
вработен во канцеларијата на МЕД, Ресен

„Дејствувањето во ПреспаНет ми овозможи и прекугранично да ја проучувам Преспа и целосно да влијаам на нејзината заштита.“

Dragan Arsovski,
employee at the MES office, Resen

“My work with PrespaNet allowed me to research Prespa from beyond the border and to have a full impact on its protection.”

Арта Старова,
вработена во МЕД

„Откога почнав да волонтирам во МЕД во 2018 година, знаев дека сакам да бидам дел од оваа екипа на посветени луѓе и професионалци. Мило ми е што во 2020 година конечно почнав да работам во МЕД.“

Arta Starova,
MES employee

“Ever since I started volunteering at MES in 2018, I knew that I wanted to be a part of this team of dedicated people and professionals. I am glad that in 2020 I finally started working in MES.”

Сара Крстевска,
Волонтер на МЕД

„Посветеноста на тимот на МЕД континуирано ме мотивира да ги продлабочам знаењата во врска со заштитата на значајни животински и растителни видови.“

Sara Krstevska,
MES volunteer

“The commitment of the MES team continuously motivates me to deepen my knowledge regarding the protection of important animal and plant species.”

Јован Божиноски,
претседател на планинарски клуб „Љуботен“

„Благодарение на МЕД, залагањето на членовите на клубот Шара да се прогласи за заштитено подрачје стануваше сè поголемо. Во 2020 година заеднички работевме спроведувајќи активности во рамки на кампањата Шар Планина да се прогласи за национален парк!“

Jovan Bozinoski,
president of the mountaineering club “Ljuboten”

“Thanks to MES, the effort of the club members to declare Shar Mountain a protected area kept increasing. In 2020, we worked together and implemented activities within the framework of the campaign to declare Shar Mountain a national park!”

Николчо Велковски,
член на претседателството

„Тоа што посебно ме импресионира од работата на МЕД во последната година е интересот за шумите и посветеноста и грижата за зачувување на нивните високи природни вредности.“

Nikolcho Velkovski,
member of the presidency

“What particularly impresses me about the work of MES in the last year is the interest in forests and the commitment and care for the preservation of their high natural values.”

Деспина Китанова
вработена во МЕД

„За мене прогласувањето на Осогово за заштитено подрачје во 2020 година е најголем успех!“

Despina Kitanova
MES employee

“For me, the declaration of Osogovo as a protected area in 2020 is the biggest success!”

Андреј Гонев
Студент

„Мојата вклученост во работата на МЕД во Преспа ја продлабочи суштината на моите студии. Резултатите од многубројните терени ми помогнаа да го напишам и својот дипломски труд.“

Andrej Gonev
Student

“My involvement in MES’ work in Prespa deepened the meaning of my studies. The results of the numerous field trips also helped in the writing of my thesis.”

Методија Велевски,
заменик директор на МЕД

2020 година за мене беше година на планирање. Планирање на преземените проектни обврски во услови на пандемија, планирање на надградба на канцеларијата, планирање на следните поголеми проекти... Од многу аспекти, година на „земање залет“.

Metodija Velevski,
MES deputy director

“For me, 2020 was a year of planning - planning of the undertaken project obligations under pandemic conditions, planning of the building of the office, planning of the next big projects... From many aspects, a year of ‘gathering momentum’ ”.

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

FINANCIAL REPORT

На ден 01.01.2020, почетната финансиска состојба на денарските и девизната трансакциска сметка на Друштвото, изнесуваше 18.207.531,00 денари.
Бидејќи имплементирањето на проектите не завршува со календарската година, овие пренесени средства се употребени за имплементација на проектните активности кои се спроведуваа и во текот на 2020 година.
Во текот на годината, благодарение на финансиската поддршка од неколку меѓународни организации и фондации и три консултантски договори, вкупните приходи на Друштвото изнесуваа 38.334.901,00 денари.
Со тоа вкупните средства кои беа на располагање за непречено одвивање на работата на Друштвото, во 2020 година, изнесуваа 56.542.432,00 денари
За реализација на предвидените активности беа потрошени вкупно 33.229.146,00 денари.
Крајната состојба на девизната и денарските трансакциски сметки на Друштвото на ден 31.12.2020, изнесуваше 23.313.286,00 денари.
Овие средства ќе бидат употребени во текот на 2021 година за имплементација на проектните активности, со главна цел остварување на Мисијата и Визијата на МЕД.
Во 2020 година финансиското работење на МЕД беше предмет на две надворешни ревизии- завршна ревизија за проектот „Програма за зачувување на природата во Македонија-фаза 2“ и една за севкупното финансиско работење на Друштвото. Според ревизорското мислење, финансиските извештаи реално и објективно ја прикажуваат финансиската позиција на МЕД во сите материјални аспекти во согласност со сметководствената регулатива што се применува во Република Северна Македонија, Законот за сметководство на непрофитни организации и Правилникот за финансиско и материјално работење на непрофитни организации.

MES's denar and foreign currency balance on 1 of January 2020 amounted to MKD 18,207,531.00. These funds were used to implement project activities foreseen for 2020.

Owing to the financial support of several international organisation and foundations and three consultancy contracts, MES total income for the year was MKD 38,334,901.00. Thus, the total operational funds of MES were MKD 56,542,432.00.

A total of MKD 33.229.146,00 was spent on the implementation of activities. MES's denar and foreign currency closing balance on 31 December 2020 amounted to MKD 23,313,286.00. These funds will be used in the course of 2021 to implement project activities i.e. MES vision and mission.

MES financial operation in 2020 was subject to two external audits - one for the Nature Conservation Programme in Macedonia - Phase II and one of the overall financial operation of MES. The audits found that financial reports provide realistic and objective representation of MES financial position in all material aspects in line with the accounting regulation applied in the Republic of North Macedonia, the Law on Accounting for Non -Profit Organisations, and the Rulebook on Non-Profit Organisations.

Приходи и расходи за 2020 година

Income and expenditure for 2020



Приходи 2020 година

2020 Incomes



Расходи за 2020 година (вкупно 33.229.146,00 денари)



Expenditures for 2020 (MKD 33,229,146.00 in total)



МЕД им благодари на финасиерите и партнерите за укажаната доверба и можноста за соработка.

MES would like to extend its gratitude to its donors and partners for the trust and the opportunities for cooperation.

Програма за зачувување на природата во Македонија, фаза 2
Nature Conservation Programme in Macedonia Phase 2

Поддршка на централната работа на МЕД
Institutional core grant from SRT

Зачувување на Преспанскиот регион
Working towards transboundary conservation of the Prespa region

Програма за закрепнување на балканскиот рис - фаза 5
Balkan Lynx Recovery Programme - Phase 5

Зачувување на ендемичните растенија во Македонија
Working together for conservation of national endemic plants in Macedonia

Ажурирање на листа на селектирани терестрични ендемити, растенија и животни, за Југоисточна Европа
Further update of the List of Selected Endemic Terrestrial Plant and Animal Taxa of South-East Europe

Јадрански прелетни патишта 4
Adriatic Flyways 4 Macedonia

Програма за закрепнување на балканскиот рис, фаза 4 - Акциски план за заштита на балканскиот рис во НП „Маврово“
Balkan Lynx Recovery Programme ,Phase 4 - Conservation Action plan for the Balkan lynx in Mavrovo NP

Итни мерки за зајакнување на балканската популација на египетскиот мршојадец и обезбедување на прелетните патишта (LIFE16 NAT/BG/000874)
Urgent Actions to Strengthen the Balkan Population of the Egyptian Vulture and Secure Its Flyway (LIFE16 NAT/BG/000874)

Собирање на информации и внесување во дата база за примарни и секундарни лежишта рудни резерви
RESEERVE - Mineral potential of the ESEE region

Идентификација и заловување на балкански рис во Повеќенаменското подрачје „Јасен“
Identification and capture of Balkan lynx in Jasen Multipurpose Area

„Локална акција за подобри политики за заштита на животната средина“ - Партнерски проект со ИКС
Shaping Environmental Policy Through Local Action - Partner project with ICS

Институт за комуникациски студии

„Комуникација за промена“
Communicating for change

BirdLife INTERNATIONAL

LUSH

Балкански проект за борба против отрови - програма за мали грантови
Balkan Anti-Poisoning Project - Small Grants Programe

VCF VULTURE CONSERVATION FOUNDATION

MAVA FONDATION POUR LA NATURE

Зајакнување на капацитетите на државните институции за борба против отрови
Strengthening national capacities to fight wildlife poisoning and raise awareness about the problem in the Balkan countries

Life

VCF VULTURE CONSERVATION FOUNDATION

MAVA FONDATION POUR LA NATURE

Поддршка за изработка на Шестиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност
Support for preparation of the VI National report to the Convention of Biological Diversity

gef

UN environment programme

План за управување за НП Пелистер
Preparation of a Management plan for the Nationl Park Pelister

PONT PRESPA OHRID NATURE TRUST

НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР

DEKONS-EMA ENVIRONMENTAL MANAGEMENT ASSOCIATES

Зајакнување на локалните акциони групи како чинители за заштита на биодиверзитетот во регионот Шари/Шар Планина/ Кораб-Коритник
Strengthening of Local Action Groups as stakeholders for biodiversity protection in the Sharr/Šar Planina/Korab-Koritnik region shared by Albania, Kosovo and North Macedonia

giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

euroNATUR

Јавна Кампања за прогласување на Шар Планина за НП
Public campaign for Shar Mountain future national park

UN environment programme

15th CED Center for Education and Development

Црвена листа на птиците во ЕУ
Contribution towards the European Red List of Birds

BirdLife INTERNATIONAL

Пролетта доаѓа
Spring Alive

Utop

HEIDELBERGCEMENT

Борба против труење на дивите животни во Северна Македонија
Combatting Wildlife poisoning in North Macedonia

BirdLife INTERNATIONAL

LUSH

Надградба на финансиски менаџмент и ревизија на стратешкиот план
Upgrade to the financial management procedures and revision on MES strategic plan

Анализа на закани и градење капацитети во регионот Шари/Шар Планина/Кораб-Коритник
Analyzing threats, developing solutions and building capacities in the Sharr/Šar Planina/Korab-Koritnik region

Водните птици презимуваат во добри влажни станишта
Waterbirds Winter In Good Wetlands

Идентификација на шуми со високи природни вредности
Identification of High Nature Value Forests (HNVFs)

Создавање и водење на ефикасна и одржлива канцеларија
Managing an Efficient and Sustainable Office

Македонско еколошко друштво
Бул. Борис Трајковски, улица 7, број 9А
1000 Скопје, Македонија
Тел: 02 2402 773
Моб: 078 371 175
contact@mes.org. mk
www.mes.org.mk

Македонско еколошко друштво, Ресен
Ул. Гоце Делчев бр. 1
Моб.: +38975 201 908

Извршен директор
Робертина Брајаноска
brajanoska@mes.org.mk

Претседател
Славчо Христовски
slavco_h@pmf.ukim.mk

Автор
Кирил Арсовски

Уредник
Фросина Пандурска-Драмиќанин

Лектура
Тања Стевановска

Превод на англиски јазик
Арта Старова и Ребека Велјановска

Дизајн и графичка обработка
Јован Петрушевски

Macedonian Ecological Society
Bul.Boris Trajkovski Str.7, no 9A
1000 Skopje
Tel.: +3892 2402 773
Mob.: +38978 371 175
contact@mes.org. mk
www.mes.org.mk

Macedonian Ecological Society, Resen
Str. Goce Delchev no. 1
Mob.: +38975 201 908

Executive director
Robertina Brajanoska
brajanoska@mes.org.mk

President
Slavco Hristovski
slavco_h@pmf.ukim.mk

Author
Kirlil Arsovski

Editor
Frosina Pandurska-Dramikjanin

Proofreading
Tanja Stevanovska

Translation into English
Arta Starova and Rebeka Veljanovska

Graphic design:
Jovan Petrushevski

twitter.com/contactmes
Macedonian Ecological Society
instagram.com/macedonian.ecological.society
facebook.com/Mes.org.mk

МАКЕДОНСКО
ЕКОЛОШКО
ДРУШТВО